# Правила за ФИНАЛНИОТ КРУГ на КЕНГУР 2018

**1.** Се организира втор дел од натпреварот КЕНГУР 2018 година. Името на натпреварот е **Финален круг на Кенгур 2018**.

**2.** Право на учество имаат учениците кои учествувале на прfévrier круг на натпреварот КЕНГУР2018 и кои се објавени на страната на СММ, во листите учесници на натпреварот по категории, а кои ќе бидат поканети на натпреварот.

**3.** Секој учесник на натпреварот добива

- сертификат за учество на натпреварот
- книга од областа на математиката
- тефтерче од натпреварот КЕНГУР 2018
- пенкало од натпреварот КЕНГУР 2018

**4.** Покрај тоа победниците на натпреварот добиваат

- златен, сребрен или брозен медал за освоена прва, втора или трета награда во Финалниот круг на КЕНГУР 2018
- с ертификат за освоена награда од натпреварот КЕНГУР 2018

**5.** Секој учесник на натпреварот Финална тура на КЕНГУР 2018 година мора да уплати 250 денари за учество на натпреварот на 09.06.2018 година.

**6.** Натпреварот ќе се спроведе на Универзитетот ФОН со почеток во 09:00 часот. Натпреварот ќе се спроведе во два дела

- од 09:00 до 10:15 часот прв дел на натпреварот на кој учество земаат учениците од 4-7 одделение
- од 10:45 до 12:00 часот втор дел на напреварот на кој учество земаат учениците од 8-9 одделение и учениците од 1-4 година.

**7.** Секој учесник на натпреварот решава тест од 20 задачи, аналоген на редовниот дел од Кенгур 2018. Задачите се со заокружување на еден од одговорите од А)-Е) во латинична изведба.

**8.** Резултатите од натпреварот се прегледуваат и истакнуваат истиот ден.

**9.** Секој учесник од листата на учесници мора да го најави своето учество со уплата на средствата за учество на натпреварот најдоцна до 26.05.2018 година.

**10.** Доколку некој ученик од листата на учесници која е јавно обајвена го откажи своето учество, тогаш СММ го заменува со ученик од листата на учесници кои го најавиле своето учество на натпреварот, не се дел од листата на учесници, а се регистрирани од страна на СММ за учество на истиот. РЕГИСТРАЦИЈАТА МОРА ДА СЕ НАПРАВИ НА ЕМАИЛОТ kangaroo.macedonia@gmail.com.

**11.** Регистрациите за учество на натпреварот се преку меилот kangaroo.macedonia@gmail.com.

**12.** Листите на учесници на натпреварот јавно ќе бидат објавени на страната на СММ.